



КАРПОШ

НЕДЕЛЕН Е-БИЛТЕН





# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# ЕДУКАТИВЕН СЕМИНАР ВО ,,ЈАН АМОС КОМЕНСКИ''

Во средата (1,06,2016) во ООУ „Јан Амос Коменски“, Институтот за правно- економски истражувања и едукација „ЈУРИДИКА ПРИМА“, одржа специјализирана едукација на тема „Семејството и правата на децата, како клучен фактор во образованието“. Д-р Ангел Ристов доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ Скопје, одржа предавање на првата тема „Современите тенденции во брачните и семејните односи и нивното влијание врз развојот на децата“.

Во втората тема „Правата на детето предвидени со Конвенцијата за правата на ООН со посебен осврт на социјалните права“, дискутираше докторантот м-р Душан Босиљанов, стручен соработник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, додека докторантот м-р Илија Манасиев, асистент на Правниот факултет во Скопје, предаваше на темата „Етиката во образованието и воспитувањето на децата“. Помеѓу две предавања, се разви интерактивна дискусија во која учесниците на семинарот разменуваа искуства со предавачите.



# ВЕСЕЛА ДРУЖБА ВО „ДИМО ХАЏИ ДИМОВ“

Во вторникот (02.06.2016) во холот на ООУ „Димо Хаџи Димов“ се одржа завршна приредба, со која учениците од ова училиште ја заокружија учебната 2015/ 2016 година. Со изведба на песни, танци и интересна кореографија, основците ги забавуваа родителите и присутните на овој настан. Преку инструментална изведба на песната „Јовано Јованке“ учениците го прикажаа фолклорното богатство на нашата земја, додека со песничките, најмалите упатија порака до возрасните за консумирање на здрава исхрана и важноста за зачувување на здравата животна средина.






# ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ ВО ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА БИОГРАД НА МОРУ

Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, на покана на градоначалникот на Општина Биоград на Море, Иван Кнез, престојува во официјална посета на оваа позната туристичка Општина во Република Хрватска. Во оваа пригода Јакимовски беше гостин и на свеченото отворање на реномираниот фестивал „Гастро стол“, на кој присуствуваше и хрватскиот министер за туризам Антун Климан.

Двајцата градоначалници ја искористија средбата и за размена на искуства во функционирањето на двете пријателски самоуправи и зголемување на ефикасноста на локалните администрации. Биоград на Море е Општина со 5.600 жители, а годишно има 1.300.000 туристички ноќевања. На годинешнава манифестација „Гастро стол“ има повеќе од 1000 изложувачи на храна и пијалоци. Договорено е идната година и Општина Карпош да има свои изложувачи на оваа реномирана манифестација.

